**2018 круг 1 КА2 - Соработка за иновации и размена на добри практики**
**КА229 - Партнерства за размена на училишта партнери**
**ООУ Владо Тасевски доби грант од Еразмус+ програмата преку Шпанската Национална Агенција за мобилност и европски програми со траење 2018-2022 год.**
**Наслов на проектот** -SWOT scouts
**Вкупно траење** -24-36 месеци
**Главна цел** на проектот -Размена на добри практики
Датум на проектот на проектот 01-09-2018
Датум на завршување на проектот 31-08-2022
**Национална агенција на Организацијата апликант - ES01 (ESPAÑA)**

**Носител** - Институт за средно образование - Алмериа
**Партнери**
1. Основна школа О. Ивековица, Загреб
2. Средношколски технички индустриски институт Мајорана, Бриндизи
3.ООУ Владо Тасевски, Скопје
**Јазик** кој се користи за пополнување на апликацијата - англиски јазик

Во согласност со духот на ЕТ 2020, европските земји го промовираат сетот на клучните компетенции кои ќе им овозможат на младите да станат активни, одговорни, квалификувани граѓани. Во 2017 година, формиран еТвининг партнерство на четири европски училишта од Шпанија, Италија, Хрватска и Македонија (носител и 3 партнери) со цел да се разменат добрите практики кон развивање на емоционалната компетенција. Тие го започнаа проектот "SWOT Scouts", чија цел е да се имплементираат активности на емоционално образование во нивните училишта. Активностите се поврзани со зголемување на емоционалната контрола кај учениците која влијае на нивното расположение, социјално однесување и учење (насилство, недостаток на вредности и мотивација)

Насловот на проектот "SWOT Scouts" алудира на авто-истражувачко патување по внатрешните сили и слабости, како и можности и закани што се наоѓаат при поставување на целта.

**Целите на проектот** се следниве:
- Да се придонесе кон развој на клучните компетенции на учениците преку проект кој го подобрува нивната емоционална компетентност.
- Активности во корист на учениците за емоционална свест, почитување на вредностите и наоѓање на само-мотивација, промовирајќи позитивни промени во нивните ставови.
- Збогатување на меѓукултурната свест на учесниците преку соработка со земјите партнери во контекстот на Европа обединета во разновидност.
- Една од целите (долгорочна) на проектот е да се утврди дали училишната програма за емоционално образование може да има позитивно влијание врз училишниот живот и благосостојбата на учениците, покажувајќи ги намалените стапки за интервенција во училишното насилство и емоционална поделба како и рано напуштање на у-то

**Главните учесници** во овој проект се
- Четири проектни координатори – м-р Виолета Панев од Р. Македонија
- Групи ученици од основно и средно у-те (по четири ученици ќе бидат избрани за секоја од програмираните мобилности) Билјана Ингилизова, Билјана Јованова и директор Елка Даскалова (во првиот период) и Викторија кочевска (во вториот период)
- Други наставници кои локално соработуваат во училишните активности - членовите на eTwinning.

**Основен дел од методологијата** за имплементација на проектот се потпира на еТвининг платформата преку која ќе се реализираат поголем дел од активностите . Координаторите на проектот и другите наставници ќе да придонесат за размена на стручни документи и наставни материјали за TwinSpace. Интеракцијата и проектните активности на учениците беа документирани преку фотографии, видеа,презенатции, икт алатки (падлет и др.) и од нив ќе биде побарано да коментираат за нивното свесно учење.

**Активностите објавени на TwinSpace** беа внимателно планирани за да се постигнат целите на проектот. Тие вклучуваа дружење, интеркултурна свест, комуникација на англиски јазик, анализа на факти и однесувања, разбирање на другите, цртање, дизајнирање производ, улога на играње, пишување скрипти за видеа итн. Избраните активности и работилници беа програмирани да се направат за време на мобилностите. Основен дел од овој проект е можност за зајакнување на емоционалните врски меѓу партнерите и физичка блискост. Ова нужно подразбира продолжување на проектните активности со цел да се оцени влијанието врз училишната хармонија и академските резултати.

**Продукти** - За време на периодот на имплементација на проектот, се изработија неколку производи:дигитална книга на проектот, ИКТ Игра "SWOT извидници, дидактички водичи за наставници кои сакаат да работат на емоционална интелигенција и потребни материјали за активностите, Филм за човечките односи.и Емоционалното образование - прашалници со анализа на резултатите.

Преку транснационалната соработка на четири партнери училишта од Шпанија, Италија, Хрватска и Македонија каде носител беше ООУ Владо Тасевски, наставните активности реализаторите ги остварија преку алатки за истражување на состојбите и за создавање на посреќен социо-емоционален училишен живот и социјална инклузија. Дисеминацијата на резултатите и продуктите (филм, книга, дидактички водич за наставници, е алатки и др.) се оствари на локално, национално и меѓународно ниво со долгорочни цели како интегрирање на социо-емоционална програма во курикукулумот на училишната установа и во едукативно – емоционалната училница.



*Посета на манастирскиот комплекс Св. Пантелејмон, Водно*

***Исходите од активностите беа:***

- Развој на клучните компетенции на учениците, стекнување на животни вештини, ставови и вредности преку социо-емоционално учење, активности за почитување на туѓото мислење и ставови, комуникациски вештини и аргументирање, промовирајќи различност;
- Збогатување на меѓукултурната свест на учесниците преку соработка со земјите партнери во контекстот на Европа обединета во разновидност; интеркултурно виртуелно поврзување и споделување на културните знаменитости, обележја преку глобална училница и рушење на комуникациските бариери во време на епидемија;
- Позитивно влијание врз училишниот живот и благосостојбата на учениците, покажувајќи ги намалените стапки за интервенција во училишното насилство и емоционална поделба;
- Зајакнување и стекнување на јазични, комуникациски и дигитални вештини и компетенции кај учениците и наставниците како и нивото на академското постигнување во текот на учењето.

Проектот беше реализиран во повеќе фази поврзани со земјите на партнерите учесници кои беа домаќини и организатори на виртуелните и физичките мобилности и средби на учениците од четирите европски училишта. Во рамките на виртуелните училишните активности наставниците и децата заедно твореа и соработуваа на ЕУ платформата преку е-алатки на тема препознавање емоции и чувства, комуникациска ефективна комуникација за мир, љубезност и емпатија, е- безбедност на социјалните мрежи и создаваа колекции во форма на е-книги како креативни изработки. Дидактичкиот Водич со сите потребни материјали е наменет за наставници и интерактивната компјутерска игра наречена „SWOT извидници“ како продукти може да се користат за активности за работа на емоционалната интелигенција во наставата.

Во рамките на физичките мобилности учениците од Македонија учеа заедно за емоциите со другарчињата од Шпанија, Италија и Хрватска во рамките на редовната настава, учеа фолклорни игри и песни, посетија многу археолошки историски локалитети и знаменитости, густираа домашно приготвена храна запознавајќи ја културата на земјата домаќин, а во слободното време го збогатија социјалниот живот преку дружбата на своите другарчиња домаќини.





Дисеминацијата на активностите беше реализирана преку веб страната на проектот, ЕУ Платформата, посета на амбасадите на земјите учеснички, локалните весници, телевизиски програми, написи и подкасти како и презентации на самите ученици на нивните другарчиња во училиштата по посета на странската земја. Евалуацискиот дел содржи истражување наменето за сите учесници кое ги содржи резултатите и *придобивките* од реализацијата на проектот: промовирање на благосостојбата на учениците и зголемување на самодовербата, отвореност во комуникацијата, инклузивност и решавање на предизвиците; олеснување на учениците кои поради постоечката епидемска состојба работат од одма и имаа недостаток на интеракција и социјална комуникација; зајакнување на животните вештини како цели на Обединетите Нации преку критичко мислење и решавање на проблеми, конструктивно мислење и развивање на личноста и граѓански концепт.